23.05.2013
03 451

**До: Одбор на директори на**
**ЗК Пелагонија ад - Битола**
**ул."Борис Кидрич" бр. 3 Битола**
**"За собрание на акционери"**

Врз основа на член 390 став 5 од Законот за трговските друштва, акционерите ОРКА ХОЛДИНГ АД со седиште на ул. Скупи бр.5 А во Скопје со матичен број 5989876, и ТИМОХ ДОО со седиште на ул. Кеј 13 Ноември бр. Кула 3/ГТЦ – Локал 156 во Скопје, матичен број 6197132, кои поседуваат повеќе од 5% од вкупниот број на акции со право на глас издадени од ЗК "Пелагонија" ад – Битола, во законски определениот рок, го поднесуваат следното

**Б А Р А Њ Е**
**за вклучување предлог одлука по точка од дневен ред**

1. За седницата на годишнот собрание на акционери на ЗК "Пелагонија" ад – Битола, закажано за 10.06.2013 година, по точката:
- **11. Донесување на одлука за избор на членови на Одборот на директори на ЗК "Пелагонија" ад – Битола,**
од работниот дел на дневниот ред, за усвојување ја предлагаме следната предлог-одлука:

Врз основа на член 91 став 1 точка 3, а во врска со членовите 57 и 62 став 1 од Статутот на ЗК "Пелагонија" АД – Битола – Пречистен текст –, како и членовите 344 став 1, 363 став 3, 365 став 1 и 6, 367 став 2 и 3 и 383 став 1 точка 3 од Законот за трговските друштва, Собранието на акционери на ЗК "Пелагонија" АД – Битола на ден 10.06.2013 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за избор на членови на Одборот на директори**
**на ЗК "Пелагонија" АД Битола**

I. За членови на Одборот на директори на ЗК "Пелагонија" АД Битола, **СЕ ИЗБИРААТ:**

1. Цветан Панделески со место на живеење на ул. Димитар Влахов бр. 43 во Охрид, носител на ЕМБ 2705954430007, економист, државјанин на РМ;

2. Весна Белешовска Бунтеска со место на живеење на ул. 50-та Дивизија бр. 26 1/6 во Скопје, носител на ЕМБ 0305973455090, со стручна подготовка ВСС Економоски факултет, државјанин на РМ;

3. Зорица Арсовска со место на живеење на ул. Вич бр. 28/8 во Скопје, носител на ЕМБ 1601961455011, со стручна подготовка дипломиран економист, државјанин на РМ;

4. Кристина Камчева Стојческа со место на живеење на ул. Ѓуделхиска бр. 4/2-9 во Скопје, носител на ЕМБ 1101972455010, со стручна подготовка дипломиран економист, државјанин на РМ;

5. Јованче Тасковски со место на живеење на ул. Вич бр.16/4-7 во Скопје, носител на ЕМБГ 0308960450056, со средна стручна подготовка, државјанин на РМ;

6. Огнен Цубалевски, со место на живеење во Австрија, носител на пасош од Австрија број П 2731393 издаден на ден 08.05.2008 година, и со важност до 07.05.2018 година, и со дозвола за привремен престој на странец во Република Македонија број L0025794 издадена од МВР – Скопје, и престојувалиште на ул. „Борка Талевски" бр. 47 во Скопје, Општина Центар, носител на ЕМБГ 0410965040009, државјанин на Австрија;

7. Томислав Давков со место на живеење на ул. „Борис Кидрич" бр. 48-1/9 во Битола, носител на ЕМБ 1305955410075, со стручна подготовка дипл.правник со положен правосуден испит, државјанин на РМ;

8.Тодор Мирчевски со место на живеење на ул."Булевар Кочо Рацин" бр.26/40 – Скопје општина Центар, носител на ЕМБ 2908956450003, со стручна подготовка средна стручна подготовка, државјанин на РМ;

9. Ќиро Шошев со место на живеење на ул. „Климент Охридски" бр. 1 во Кавардарци, носител на ЕМБ 2405962483027, со стручна подготовка дипломиран економист, државјанин на РМ.

II. Од членовите на Одборот на директори наведени во точка I од оваа Одлука, за независни членови во Одборот на директори се назначуваат:

- Зорица Арсовска со место на живеење на ул. Вич бр. 28/8 во Скопје, носител на ЕМБ 1601961455011, со стручна подготовка дипломиран економист, државјанин на РМ и

- Јованче Тасковски со место на живеење на ул. Вич бр.16/4-7 во Скопје, носител на ЕМБГ 0308960450056, со средна стручна подготовка, државјанин на РМ.

III. Членовите на Одборот на директори од оваа Одлука, се избираат со мандат од четири години, сметано од денот на изборот, односно сметано од 10.06.2013 година.

IV. Неизвршните членови на Одборот на директори, вклучувајќи ги и независните членови, имаат право на:

- месечен паушал во нето износ од _______________ денари,

- право и на надомест на сите други трошоци (патни и други трошоци), како и други права што се поврзани со вршењето на нивната функција (користење работни простории, потребни средства за работа, право на користење на возило и друго) за што одлука донесува Одборот на директори и

- за посебно доверени работи што за Друштвото ќе ги врши неизвршен член на Одборот на директори, може да му се признае дополнителна награда, на годишно ниво, во висина од најповеќе до вкупниот примен паушал на годишно ниво, и може да му се одобри и користење на други средства за работа како што е употреба и користење на службено возило и слично, за што одлука донесува Одборот на директори.

V. Средствата што се исплатуваат на членовите на Одборот на директори, се трошоци на работењето на Друштвото.

VI. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

VII. Пријавата за упис во трговскиот регистар на избраните членови на Одборот на директори на ЗК "Пелагонија" АД Битола, ја поднесува извршниот директор на ЗК "Пелагонија" ад - Битола.

VIII. Примерок од Одлуката да се достави до: Трговскиот регистар, членовите на Одборот на директори, материјалите за Собранието и архивата на Друштвото.

**2. Кон барањето доставуваме тековни состојби и Иводи од сметка од ЦДХВ Скопје не постари од три дена.**

**ПОДНОСИТЕЛИ:**

**1. ОРКА ХОЛДИНГ АД Скопје** ______________________

**2.ТИМОХ ДОО Скопје** ______________________